**РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА**
**АГЕНЦИЈА ЗА АУДИО И АУДИОВИЗУЕЛНИ МЕДИУМСКИ УСЛУГИ**
**Уп1 Бр.** 03-471
20.09. **2018 година**
**С к о п ј е**

Врз основа на член 20 став 1 алинеи 1 и 8 и член 23 став 1 алинеја 1 од Законот за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги („Службен весник на Република Македонија“ бр.184/13, 13/14, 44/14, 101/14, 132/14, 142/16, 132/17 и 168/18), а во врска со член 14 и член 29 од Законот за медиуми („Службен весник на Република Македонија“ бр.184/13 и 13/14), точка 7 од Упатството за определување на рокот за постапување по решенијата на Агенцијата за преземање мерка (Пречистен текст) бр.01-6039/1 од 20.10.2015 година и Писмениот извештај за извршен административен надзор бр.10-4158/1 од 17.09.2018 година, поради неисполнување на обврската за објавување на податоци согласно со член 14 од Законот за медиуми од страна на Трговското Радиодифузно друштво РАДИО АНТЕНА 5 Петров, Јаневски и Гушев ДОО Скопје, директорот на Агенцијата, го донесе следното:

**Решение**
**за преземање мерка – опомена**

1. СЕ ОПОМЕНУВА Трговското Радиодифузно друштво РАДИО АНТЕНА 5 Петров, Јаневски и Гушев ДОО Скопје, заради извршена повреда на член 14 од Законот за медиуми („Службен весник на Република Македонија“ бр.184/13 и 13/14), а казнива по член 30 став 1 точка 3 и став 2 од истиот Закон, на начин што Трговското Радиодифузно друштво РАДИО АНТЕНА 5 Петров, Јаневски и Гушев ДОО Скопје во дел од емитуваните програми, во рамките на својот програмски сервис, на 9 август 2018 година, во емисиите со наслов, и тоа: „„Утрински вести „Една минута пред сите““ емитувани во периодот од 07:58:05 часот до 07:59:50 часот; „Моја Антена“ емитувана во периодот од 08:00:00 часот до 09:00:00 часот; „Вести“ емитувани во периодот од 08:58:00 часот до 08:59:25 часот; „Започни го денот“ емитувана во периодот од 09:00:00 часот до 10:00:00 часот; „Спортски вести“ емитувани во периодот од 11:25:00 часот до 11:30:00 часот и во периодот од 15:39:10 часот до 16:09:15 часот; „Светот на музиката“ емитувана во периодот од 10:00:00 часот до 12:00:00 часот; „Попладневно возење“ емитувана во периодот од 15:00:00 часот до 17:00:00 часот; „Ритам на културата“ емитувана во периодот од 17:00:00 часот до 18:00:00 часот; „Чао Антена“ емитувана во периодот од 18:00:00 часот до 20:00:00 часот; и „ДИ ЏЕЈ КОРНЕР“ емитувана во периодот од 22:00:00 часот до 23:00:00 часот, не ги објави податоците со кои: се идентификуваат авторите што учествувале во подготовката на аудио содржините, за носителот на авторските права, за одговорниот уредник/уредниците на програмите, за потеклото и за датумот на продукција на аудио делата, името на медиумот од каде што е преземена содржината итн., кои податоци радиодифузерот е должен да ги емитува на соодветно место за секоја содржина од програмскиот сервис.

Повредата од став 1 од оваа точка, специфицирана е по наслов на емисија, период на емитување (почеток и крај) и опис на прекршувањето во Писмениот извештај за извршен административен надзор, бр.10-4158/1 од 17.09.2018 година, кој е составен дел на ова Решение како Прилог бр.1.

2. МУ СЕ НАЛОЖУВА на Трговското Радиодифузно друштво РАДИО АНТЕНА 5 Петров, Јаневски и Гушев ДОО Скопје, во рок од 45 (четириесет и пет) дена од денот на

приемот на ова Решение, да го усогласи своето работење со одредбите од Законот за медиуми.

3. По истекот на рокот определен во точка 2 од ова Решение, да се изврши контролен надзор, со цел да се утврди дали субјектот на надзор, наведен во точка 1 на ова Решение, постапил по Решението.

4. Ова Решение е конечно.

**Образложение**

Агенцијата за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги врз основа на член 29 од Законот за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги („Службен весник на Република Македонија" бр.184/13, 13/14, 44/14, 101/14, 132/14, 142/16, 132/17 и 168/18) и член 29 од Законот за медиуми („Службен весник на Република Македонија" бр.184/13 и 13/14), надлежна е да врши административен надзор на работењето на издавачите на медиуми од аспект на усогласеноста на нивното работење со обврските од членовите 6, 8, 14 и 15 од Законот за медиуми.

Во согласност со член 29 став 2 од Законот за медиуми, мерките кои Агенцијата за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги како надлежно регулаторно тело може да ги преземе, а кои се утврдени во Законот за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги, соодветно се применуваат и во случај на повреда на одредбите од Законот за медиуми.

Во согласност со член 23 став 1 алинеја 1 од Законот за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги, Директорот на Агенцијата за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги презема мерка – решение за опомена согласно со овој Закон, во случаите кога е извршена повреда на одредбите од Законот за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги и подзаконските акти донесени врз основа на него, како и на условите и обврските утврдени со дозволата и другите акти на Агенцијата.

Агенцијата за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги во рамките на своите законски надлежности, преку Секторот за програмски работи, на 17 септември 2018 година, изврши редовен административен надзор на радио програмскиот сервис на Трговското Радиодифузно друштво РАДИО АНТЕНА 5 Петров, Јаневски и Гушев ДОО Скопје, емитуван на 9 август 2018 година, при што констатираше прекршување на член 14 од Законот за медиуми.

Имено, со надзорот е констатирано дека Трговското Радиодифузно друштво РАДИО АНТЕНА 5 Петров, Јаневски и Гушев ДОО Скопје во дел од емитуваните програми, во рамките на својот програмски сервис, на 9 август 2018 година, во емисиите со наслов, и тоа: „„Утрински вести „Една минута пред сите"" емитувани во периодот од 07:58:05 часот до 07:59:50 часот; „Моја Антена" емитувана во периодот од 08:00:00 часот до 09:00:00 часот; „Вести" емитувани во периодот од 08:58:00 часот до 08:59:25 часот; „Започни го денот" емитувана во периодот од 09:00:00 часот до 10:00:00 часот; „Спортски вести" емитувани во периодот од 11:25:00 часот до 11:30:00 часот и во периодот од 15:39:10 часот до 16:09:15 часот; „Светот на музиката" емитувана во периодот од 10:00:00 часот до 12:00:00 часот; „Попладневно возење" емитувана во периодот од 15:00:00 часот до 17:00:00 часот; „Ритам на културата" емитувана во периодот од 17:00:00 часот до 18:00:00 часот; „Чао Антена" емитувана во периодот од 18:00:00 часот до 20:00:00 часот; и „ДИ ЏЕЈ КОРНЕР" емитувана во периодот од 22:00:00 часот до 23:00:00 часот не ги објави податоците со кои: се идентификуваат авторите што учествувале во подготовката на аудио содржините, за носителот на авторските права, за одговорниот уредник/уредниците на програмите, за потеклото и за датумот на продукција на аудио делата, името на медиумот од каде што е преземена содржината итн., кои податоци радиодифузерот е должен да ги емитува на соодветно место за секоја содржина од програмскиот сервис.

Повредата од став 1 од оваа точка, специфицирана е по наслов на емисија, период на емитување (почеток и крај) и опис на прекршувањето во Писмениот извештај за

извршен административен надзор, бр.10-4158/1 од 17.09.2018 година, кој е составен дел на ова Решение како Прилог бр.1.

Следствено на напред наведеното, врз основа на член 20 став 1 алинеи 1 и 8 и член 23 став 1 алинеја 1 од Законот за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги, а во врска со член 14 и член 29 од Законот за медиуми, точка 7 од Упатството за определување на рокот за постапување по решенијата на Агенцијата за преземање мерка (Пречистен текст), бр.01-6039/1 од 20.10.2015 година и Писмениот извештај за извршен административен надзор бр.10-4158/1 од 17.09.2018 година, поради констатирано непочитување на одредбите од Законот за медиуми, утврдено во точка 1 на ова Решение, директорот на Агенцијата за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги, донесе Решение, со кое се опоменува Трговското Радиодифузно друштво РАДИО АНТЕНА 5 Петров, Јаневски и Гушев ДОО Скопје и му се наложува во рок од 45 (четириесет и пет) дена од денот на приемот на ова Решение да го усогласи своето работење со одредбите од Законот за медиуми. По истекот на рокот определен во точка 2 од ова Решение, да се изврши контролен надзор, со цел да се утврди дали субјектот на надзор, наведен во точка 1 на ова Решение, постапил по Решението.

Согласно член 24 ставови 1 и 2 од Законот за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги, ова Решение е конечно и против него издавачот на медиум (радиодифузерот) може да поднесе тужба за поведување на управен спор пред надлежен суд. Тужбата за поведување на управен спор се поднесува во рок од 30 дена од денот на приемот на решението.

Врз основа на горе наведеното, се донесе решение како во диспозитивот.

**Агенција за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги**
**Директор,**

**д-р Зоран ТРАЈЧЕВСКИ**

**Правна поука:** Против ова решение издавачот на медиум (радиодифузерот) може да поднесе тужба за поведување на управен спор пред надлежен суд. Тужбата за поведување на управен спор се поднесува во рок од 30 дена од денот на приемот на решението.

**Прилог (1):**
-Писмен извештај за извршен административен надзор бр.10-4158/1 од 17.09.2018 година.

**Доставено до:**
- Трговското Радиодифузно друштво РАДИО АНТЕНА 5 Петров, Јаневски и Гушев ДОО Скопје;
- Управителот на Трговското Радиодифузно друштво РАДИО АНТЕНА 5 Петров, Јаневски и Гушев ДОО Скопје;
- Одговорното лице на програмата во Трговското Радиодифузно друштво РАДИО АНТЕНА 5 Петров, Јаневски и Гушев ДОО Скопје;
- Секторот за правни работи;
- Секторот за програмски работи; и
- Назначеното лице во Агенцијата за водење на уписникот Уп 1.

АГЕНЦИЈА ЗА АУДИО И АУДИОВИЗУЕЛНИ МЕДИУМСКИ УСЛУГИ

До: д-р Зоран Трајчевски, директор
на Агенцијата за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги

Врз основа на член 29 од Законот за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги („Службен весник на Република Македонија" бр. 184/13, 13/14, 44/14, 101/14, 132/14, 142/16 и 132/17), се доставува

Република Македонија
Агенција за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги - СКОПЈЕ

| | | | |
|---|---|---|---|
| 17-09-2018 | | | |
| Орг. единица | Број | Прилог | Вредност |
| 10 | 4158 | 1 | |

ПИСМЕН ИЗВЕШТАЈ
ЗА ИЗВРШЕН АДМИНИСТРАТИВЕН НАДЗОР

1. Вид надзор: редовен

2. Субјект на надзорот: радио програмскиот сервис на Трговско Радиодифузно друштво РАДИО АНТЕНА 5 Петров, Јаневски и Гушев ДОО Скопје;

3. Период опфатен со надзорот: 9 август 2018 година;

4. Датум на извршување на надзорот: 17 септември 2018 година;

5. Предмет на надзорот:

   - Член 14 од Законот за медиуми (Импресум);
   - Член 51 став 1 од Законот за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги (Информации достапни за корисниците);
   - Член 97 од Законот за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги (Идентификација на радиодифузер);

6. Претходно изречена мерка: нема;

7. Констатации од надзорот:

Со редовниот административен надзор врз програмскиот сервис на Трговско Радиодифузно друштво РАДИО АНТЕНА 5 Петров, Јаневски и Гушев ДОО Скопје, емитуван на 9 август 2018 година, на државно ниво, констатирано е прекршување на членот 14 од Законот за медиуми.

Во дел од програмите емитувани на 9 август 2018 година, не се објавени податоците со кои: се идентификуваат авторите што учествувале во подготовката на аудио содржините, за носителот на авторските права, за одговорниот уредник / уредниците на програмите, за потеклото и за датумот на продукција на аудио делата,

името на медиумот од каде што е преземена содржината итн., што радиодифузерот е должен да ги емитува на соодветно место за секоја содржина од програмскиот сервис.

**9.08.2018 г.**

| Наслов на емисијата | Период на емитување | | Опис на прекршувањето |
|---|---|---|---|
| | почеток | крај | |
| Утрински вести "Една минута пред сите" | 07:58:05 | 07:59:50 | Не се објавени податоците утврдени во член 14 од Законот за медиуми |
| Моја Антена | 08:00:00 | 09:00:00 | |
| Вести | 08:58:00 | 08:59:25 | |
| Започни го денот | 09:00:00 | 10:00:00 | |
| Спортски вести | 11:25:00 | 11:30:00 | |
| | 15:39:10 | 16:09:15 | |
| Светот на музиката | 10:00:00 | 12:00:00 | |
| Попладневно возење | 15:00:00 | 17:00:00 | |
| Ритам на културата | 17:00:00 | 18:00:00 | |
| Чао Антена | 18:00:00 | 20:00:00 | |
| ДИ ЏЕЈ КОРНЕР | 22:00:00 | 23:00:00 | |

8. **Опис на прекршувањето:**

Спротивно на **членот 14 од Законот за медиуми**, програмскиот сервис на Трговско Радиодифузно друштво РАДИО АНТЕНА 5 Петров, Јаневски и Гушев ДОО Скопје, на 9 август 2018 година, во дел од емитуваните програми, не ги објави податоците што е должен да ги емитува на соодветно место за секоја содржина од програмскиот сервис.

9. Предлог мерка:

- Директорот на Агенцијата да донесе решение со кое ќе го опомене Трговско Радиодифузно друштво РАДИО АНТЕНА 5 Петров, Јаневски и Гушев ДОО Скопје и согласно со точката 7 од Упатството за определување на рокот за постапување по решенијата на Агенцијата за преземање мерка бр.01-6039/1 од 20.10.2015 година, да му наложи во рок од 45 дена од денот на приемот на решението да го усогласи своето работење со одредбите од Законот за медиуми; и

- Да се изврши контролен надзор, со цел да се утврди дали субјектот на надзорот (радиодифузерот) постапил по опомената (во целост, делумно или не постапил), по истекот на рокот определен во поединечниот акт (решение), донесен од страна на директорот на Агенцијата.

***Сектор за програмски работи***